Јавно претпријатие за комунални дејности Комунална хигиена
Бр. 01-24/2
05.03. 2019 год.
Новаци

Архивски знак: 0102
Рок на чување: ТРАЈНО
05.03.2019 год. Потпис:
Новаци

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Новаци
e-mail: komunalnahigienanovaci@gmail.com

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"- НОВАЦИ ЗА 2018 година

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" - Новаци, општина Новаци, се основа заради вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Новаци.

Како главна дејност на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"- Новаци е Собирање на безопасен отпад, но врши и други дејности предвидени со Статутот.

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА " Новаци, располага со основни сретства и тоа:

- ТРАКТОР БТЗ 2048А , марка ХЗТА , БРОЈ НА ШАСИЈА 23010256,број на мотор А2902000Б, година на производство 2002 година и боја на каросерија светло-црвена и ТРАКТОРСКА ПРИКОЛКА – ВИНИЦА носивост 3,5 тони.
- Камион МЕРЦЕДЕС БЕНЗ тип 970.01 со регистарски таблички BT-479-DK, година на производство 2003 година, со надградба EFE 222 со година на производство 2010 година.
- ЛАДА НИВА 1.6 ТНГ со регистерски број БТ-926-ЦИ.
- Моторен тример Спарта 44
- Моторен тример Стил
- Моторна косилка за трева МТД
- Хилта ДК 1250к.
- Брусалка Матабо 20-230.
- Мулти Тол Ево мт 180.

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА " – Новаци, во 2018 година комунален отпад подигнуваше во седум населени места и се отфатени околу 600 корисници, распоредени се околу 480 канти од 120 литри за смет, 15 метални жичени контиењери за ПЕТ пластика и 18 метални контиењери за смет од 1.1 м$^3$. Во текот на 2018 година во депонијата Мегленци се депонирани 1680 м3 отпад или 504 тони, според специфичната тежина на отпадот.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Новаци
e-mail: komunalnahigienanovaci@gmail.com

Неделниот распоред на подигање на смет беше следниот:

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|
| Новаци | Гермијан<br>Рибарци | Добромири<br>Г. и Д. Агларци<br>Далбеговци | | |

Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА " – Новаци редовно вршеше чистење, метење и миење на јавните површини, како што се местата пред јавните установи и други јавни површини од овој вид, редовно се одржуваа чисти патовите со што се косеше тревата околу патовите и се чистеа од отпади и земја до банкините.

Косењето и средувањето на зелените површини и парковите и собирањето на ѓубрето од парковите се одвиваше секојдневно на почетокот од работното време како и во деновите кога не се собираше смет, согласно програмата за одржување на јавна чистота за 2018 година на Општина Новаци.

Во текот на 2014 година со Одлука на Советот на Општина Новаци се презедоа и локалните водоводи во следните населени места: Бач, Брод и Живојно и се отфатени околу 170 домаќинства. Во 2018 год. за тие три населени места беа фактурирани 12.051 м3 вода.

Согласно Статутот и одлуката за формирање на Јавното претпријатие, а по барање на Општина Новаци и жителите на општината, Ј.П. „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" - Новаци, отпочна со извршување на други услуги од областа на Нискоградба, како што се: изработка на водопоила, санација на тротоари, санација на шахти и други работи.

**Јавно Претпријатие за Комунални Дејности**
**КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Новаци**
**e-mail: komunalnahigienanovaci@gmail.com**

Во текот на 2018 година остварени се следните приходи и расходи:

| **ПРИХОДИ** | | |
|---|---|---|
| **Конто** | **Опис** | **Износ** |
| 7402 | Приход од собирање на отпад од физички лица | 1.089.042,00 ден. |
| 7403 | Приходи од собирање на отпад од правни лица | 420.918,00 ден. |
| 7405 | Приходи од манипулативен трошок | 35.280,00 ден. |
| 7408 | Приходи од продажба на канти | 123.890,00 ден. |
| 7407 | Приходи од вода физички лица | 266.751,00 ден. |
| 7401 | Приходи од други услуги | 815.848,00 ден. |
| 7401 | Приходи од јавна чистота општина Новаци | 1.894.500,00 ден. |
| 7406 | Приходи од јавна чистота од корисници | 189.600,00 ден. |
| 7792 | Останати финансиски приходи | 3.373,00 ден. |
| 7673 | Приходи од донации | 2.095.518,00 ден. |
| | **ВКУПНО ПРИХОД без ДДВ** | **6.934.720,00 ден.** |

| **РАСХОДИ** | | |
|---|---|---|
| **Конто** | **Опис** | **Износ** |
| 4000 | Потрошени материјали | 423.284,00 ден. |
| 4023 | Потрошено гориво | 269,480,00 ден. |
| 4046 | Потрошени делови | 249,470,00 ден. |
| 4111 | Трошоци за телефонски услуги | 13,916,00 ден. |
| 4190 | Регистрација на возила | 9,075,00 ден. |
| 4197 | Други услуги | 270,664,00 ден. |
| 4200 | Бруто плати | 3,465,517,00 ден. |
| 4300 | Амортизација | 311,117,00 ден. |
| 4460 | Банкарска провизија | 137,537,00 ден. |
| 4473 | Членарини | 14,500,00 ден. |
| 4475 | РДТ | 190,00 ден. |
| 4450 | Премии за осигурување | 8,783,00 ден. |
| 4490 | Трошоци за интелектуални услуги | 1,068,449,00 ден. |
| 4221 | Регрес за годишен одмор | 142,290,00 ден. |
| 4440 | Дневници за службени патувања | 4,415,00 ден. |
| 4436 | Трошоци за донации и спонзорста | 4,000,00 ден. |
| 4440 | Трошоци за репрезнтација | 258,363,00 ден. |
| | **ВКУПНО РАСХОД без ДДВ** | **6.651.050,00 ден.** |

**Јавно Претпријатие за Комунални Дејности**
**КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Новаци**
**e-mail: komunalnahigienanovaci@gmail.com**

Со успешната работа на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА " – Новаци како што се гледа од прикажаната состојба на приходи и расходи, односно е остварен позитивен бруто финансиски резултат од 283.670,00 денари.

**Бруто добивка** - 283,670,00 ден.

**Данок од добивка (10%)** - 28,367,00 ден.

**Нето добивка** - 255,303,00 ден.

**Ј.П. за Комунални Дејности**
**„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"– Новаци**
**Директор**

**Јовановски Борче**

Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" * Новаци *